**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 32 став (1) алинеја 1, 3 и 20 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр.81/2005), а во врска со член 31 став (2) точка 2 и 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18), Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 10.08.2018 година го донесе следниот

**ОДЛУКА**
**за дополнување на Правилникот, бр. 12–1401/1 од 01.08.2018 година за подготовка, организирање и спроведување референдум на државно ниво**
**30 сепетемеври 2018 година**

Член 1

Во Правилникот, бр. 12–1401/1 од 01.08.2018 година за подготовка, организирање и спроведување референдум на државно ниво, делот„ЈАВНА ПРОПАГАНДА", по ставот шест се додаваат седум нови става, кои гласат:

„Само за овластениот предлагач, во случајов Собранието на Република Македонија, има определено посебен простор за водење на пропаганда, кој го обезбедуваат радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), што е предвидено со Изборниот законик.

Сите останати субјекти можат да имаат свое медиумско претставување (пропаганда) поврзано со Референдумот 2018, но пристапот до услугите на медиумите е под пазарни услови, согласно правилата и политиките за платено рекламирање на секој медиум.

Предвидениот медиумски простор за пропаганда, се однесува за овластениот предлагач. Неискористените термини, може да се доделат на други субјекти, под услови кои ќе бидат договорени со медиумот.

Ценовниците и условите за медиумско претставување, кои медиумите ги доставуваат до Државната изборна комисија, се однесуваат само за просторот за пропаганда предвиден за овластениот предлагач.

Овластениот предлагач и сите останати субјекти, услугите кои ги користеле за јавната пропаганда ги плаќаат од сопствени средства.

Обезбедувањето на дополнителни минути за емитување на комерцијални пропагандни пораки, е прашање кое медиумите (самостојно или преку нивните здруженија) треба да го договорат со Агенцијата за медиуми, која е надлежно регулаторно тело за овие прашања."

Член 2

Останатите одредби од Правилникот, бр. 12–1401/1 од 01.08.2018 година, остануваат непроменети.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истатат е составен дел на Правилникот, бр. 12–1401/1 од 01.08.2018 година за подготовка, организирање и спроведување референдум на државно ниво.

Член 4

Оваа Одлука веднаш се објавува на интернет страницата на Државната изборна комисија.

**Број 12 – 1401 / 2**
**10.08. 2018 година**
**СКОПЈЕ**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**